ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 11-186/21

Дата: 26.10.2010

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО-СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за здравство Скопје, сметка на буџет на донации (785)/Управување со ризикот од хемикалии во Р. Македонија (во понатамошниот текст министерството) за 2009 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за здравство-Скопје/сметка на буџет на донации (785)/ Управување со ризикот од хемикалии во Р. Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е позитивно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и позитивно мислење во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2009 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи (страна 6 до 8) заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за здравство-Скопје/сметка на буџет на донации (785)/ Управување со ризикот од хемикалии во Р. Македонија за 2009 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за здравство-Скопје/сметка на буџет на донации (785)/ Управување со ризикот од хемикалии во Р. Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Бујар Османи, министер во период од 26.07.2008 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Министерство за здравство-Скопје/сметка на основен буџет (637) се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни

прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.03.2010 до 16.07.2010 година кај Министерство за здравство-Скопје/ сметка на буџет на донации (785)/ Управување со ризикот од хемикалии во Р. Македонија од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот-предмет на ревизија, одржан на ден 15.07.2010 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење - за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги преставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за здравство Скопје/Управување со ризикот од хемикалии во Р. Македонија на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење - за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за здравство Скопје/ Управување со ризикот од хемикалии во Р. Македонија се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

5.1. Обрнуваме внимание дека во текот на месец февруари 2010 година издаден е извештај од мисијата под наслов „Прв преглед на подршката на Сида во соработката за менаџирање со ризикот од хемикалии во Југоисточна Европа, 2007-2010“ (кој не е архивски заверен и не е потпишан, односно ги нема сите атрибути на уреден и веродостоен документ. Во истиот е наведено „постојат многу индикатори дека сопственииштвото врз проектот во рамките на Министерството за здравство е на ниско ниво, всушност на самиот раб на постоење. Договорот за проектот наложува, а соработката се заснова на создавање на проектната канцеларија во рамките на министерството за здравство, чии вработени ќе се занимаваат со дневните оперативни активност. Според договорот, персоналот во проектната канцеларија ќе биде финансиран од самиот проект, а министерството за здравство треба да ги менаџира и набљудува активностите на проектот и неговите експерти”. Министерството за здравство нема обезбедено канцелариски простор и до денот на ревизијата нема ангажирано лице за спроведување на проектните активности.

Исто така констатирано е дека министерството за здравство нема доволно капацитет и сопственост врз проектот и нема доволно докази кои ќе сведочат дека оваа ситуација ќе се подобри во иднина; не постојат показатели дека моменталната работа ќе резултира со создавање на законски норми за менаџменот со ризик од хемикалии, базирани на легислативата на ЕУ (Reach легислатива), како и изработка на регистар за хемикалии. Ваквата состојба влијае на не функционирање на проектната канцеларија, како и оневозможување на остварување на проектните активности за кои е склучен договор помеѓу Министерството за здравство и Шведската агенција за хемикалииа, кое резултира со затварање на проектната канцеларија до крајот на 2010 година

Скопје, 22.10. 2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | | **2008** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 1,864 | | - |
| **Вкупно приходи** | **1,864** | | **-** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 885 | | - |
| **Вкупно тековни расходи** | **885** | | **-** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 131 | | - |
| **Вкупно капитални расходи** | **131** | | **-** |
| **Вкупно расходи** | **1,016** | | **-** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **848** | | **-** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | 2009 | | 2008 |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 849 | | - |
| **Вкупно тековни средства** | **849** | | **-** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 124 | | - |
| **Вкупно постојани средства** | **124** | | **-** |
| **Вкупна актива** | **973** | | **-** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 848 | | - |
| **Вкупно тековни обврски** | **848** | | **-** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 125 | | - |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **125** | | **-** |
| **Вкупна пасива** | **973** | | **-** |

**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА ВО 2009 ГОДИНА**

во 000 денари

| Ред. Бр. | О П И С | Државен јавен капитал | Ревалоризациона резерва | **ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛ.РЕЗЕРВА** |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | **Состојба и промени на капиталот и резервите** | | | |
| I | **Состојба на ден 01 јануари 2009** | **-** | **-** | **-** |
| | **Зголемувања:** | **135** | **3** | **138** |
| | Набавка на постојани средства | 135 | - | 135 |
| | Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | - | 3 | 3 |
| | | | | |
| | **Намалувања:** | **10** | **3** | **13** |
| | Амортизација на постојани средства | 10 | - | 10 |
| | Останати намалувања (да се специф | - | 3 | 3 |
| II | **Состојба на ден 31. декември 2009** | **125** | **-** | **125** |